ОБЈАСНУВАЊЕ ЗА РЕЧНИКОТ (1)

Оваа книга настана како логично продолжување на досега објавените написи и книги кои се поврзани со материјалниот и духовниот живот на Лешок и селата од Подгора и би рекол дека е заокружување на моите досегашни истражувања и запишувања за јазикот со кој говоревме во Лешок во минатото и се до денес 2024 година.
Израснав во средина во која сите зборувавме Љешечки и имав можност да ги слушам и да разговарам во живо со неколку пра баби и пра дедовци, како и со бабите и дедовците од Лешок, кои беа родени во турско време од 1850 до 1900 година. Овие две генерации на претци зборуваа чисто Љешечки без никакво влијание од други средини, бидејќи семејствата тогаш се формирале со мажење и женење со лица од различни родови, најчесто од Подгора и поретко со лица од селата од Долни Полог. За да нема крво мешање во браковите до седмо - осмо колено има најголема заслуга Црквата со нејзините учења и верувања, бидејќи родовите се формирале и продолжувале по машка линија со пренесување на домашната слава. Така, со моите истражувања дојдов до сознанија дека на родот Лалошои домашна слава е Пречиста и таа се пренесува веќе пет векови station наназад од татко на син и дека браковите се склучувале помеѓу лица од различни родвои и тоа најповеќе со лица од селата од Подгора.( Р. бр. 1, стр. 635 -649).
Исто така, генерацијата на моите родители, па, и нашата генерација 1949/50 го задржавме јазикот релативно чист и нема многу надворешни влијанија, бидејќи детството го поминавме во Лешок и се формиравме како возрасни лица.
Затоа сметав и денес сметам дека ние сме последната генерација која зборуваме на Лешочки говор и затоа во многу написи во моите книги запишував мисли и зборови кои ги говоревме во Лешок. Така во 2005 година во книгата: Лешок и соседните села, во издание на Здружението ЛЕШОК од Скопје, внесов Речник во кој беа запишани 240 зборови. ( Р. бр. 8 и 66, стр.209 -213) и така постепено јас го зголемував фондот на зборови говорени во Лешок и еве до денес достигна преку 3750 зборови.
Сметав дека читателите подобро, побрзо и полесно ќе дојдат до зборовите од буквата А до буквата Ш во Речникот, ако на почетокот е СОДРЖИНАТА, а подолу споменатите поднаслови се на крајот од книгата, и тоа:

- ОБЈАСНУВАЊЕ ЗА РЕЧНИКОТ (2);
- УЧЕНИЦИ КОИ УЧЕА ВО ШКОЛОТО ВО ЛЕШОК, НАПИШАА КНИГИ ЗА ЛЕШОК;
- ЛЕШОЧКИ ГОВОР (**ЉЕШЕЧКИ ГООР**);
- РАЗЛИКИ ПОМЕЃУ ЛЕШОЧКИОТ ГОВОР И ТЕТОВСКИОТ ГРАДСКИ ГОВОР;
- ЛИЦА КОИ МИ ПОМОГНАА - СОРАБОТНИЦИ;
- БИБЛИОГРАФИЈА - ИЗВОР НА КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА;
- КРАЈ;
- ДОВИДУВАЊЕ;

**ПОВЕЛЕТЕ, ПОГЛЕДНЕТЕ ГИ ЗБОРОВИТЕ ОД ЛЕШОЧКИОТ ГОВОР,**